<u>**Образец бр.1**</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, Никола Тодоров** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **Март 2010** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Нема** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

**Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се користат од идните генерации на ученици.**

**Имајќи ја предвид ваквата состојба, потребно е да се изврши изменување на Законот за учебници за основно и средно образование во делот на враќањето на учебниците од учениците во основното и средното образование**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

**Со член 1 од Предлог на Законот за изменување на Законот за учебници за основно и средно образование се пропишува дека учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење не треба да се вратат во основното, односно средното училиште, бидејќи истите нема да можат да се**

**користат од идните генерации на ученици. Со членот 2 се пропишува влегувањето во сила на овој закон.**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   **Министерството за образование и наука, Педагошката служба, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Постоечкиот Законот за учебници за основно и средно образование**

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   **Број на ученици во основно образование и број на учебници кои не можат да се користат од следната генерација ученици**

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Иницијално е потребна анализа на постоечкиот Законот за учебници за основно и средно образование за да се утврдат неговите слабости во делот на враќањето на учебници во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење или пак одредени страни од учебникот ги пополнува со сечење и лепење, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Во работната група формирана од министерот за образование и наука учествуваа претставници од Министерството, Педагошката служба и Секретаријатот за законодавство.**